**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-101/6
09.02.2024
Штип

| **СОУ „Љупчо Сантов" – Кочани** | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 08-10.11.2023 година |
| **Број на извештај:** | 08/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Татјана Симоновска Алексова |
| **Вид на училиштето:** | Средно општинско училиште |
| **Подрачни училишта** | / |
| **Основач на училиштето:** | Општина Кочани |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 503 |
| **Полова структура на ученици:** | машки:166 женски:337 |
| **Број на наставници:** | 54 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Димитар Арсов |
| **Директор на училиштето:** | Љубомир Гацов |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 09-11.05.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Глигор Апостолов - Гочо" бр.31 |
| **Телефон:** | 033 271 598 |
| **Факс:** | 033 271 598 |
| **e-mail:** | ljsantov@yahoo.com |
| **Оценка ИЕ** | **Добар (3.07)** |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласност сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ" број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 и 33/2015 и 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ" број 86/2006)

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција, од 08 до 10ноември2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на СОУ„Љупчо Сантов"- Кочани.
Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни

часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во СОУ„Љупчо Сантов“- Кочани е добра[1] (3.07).

Во училиштето се реализираат наставни планови и програми за гимназиско образование (природно-математичкоподрачје комбинација А и Б; јазично-уметничко подрачје комбинација А и Б и општествено-хуманистичко подрачје - А комбинација) и стручно образование во две струки: економија, право и трговија со два профили: економски техничар и бизнис администратор (дуално образование) и хемија и технологија со профил хемиски лабораториски техничар (дуално образование). Наставниот процес опфаќа предмети за општо образование, стручни предмети, изборни предмети и изборни наставни подрачја, проектни активности, содржиниипланирани од училиштето (слободни часови), практична настава, феријална пракса, како и дополнителна, додатна и консултативна настава.

Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Во училиштето се реализираат и слободни часови како посебно подрачје во наставните планови за четиригодишно стручно образование, со цел задоволување на индивидуалните потреби на учениците, стекнување, проширување и продлабочување на знаењата, развивање на способности, вештини и изградување на сопствени ставови.

Практичната настава се реализира врз основа на наставните програми предложени од Центарот за стручно образование и обука и донесени од Министерот за образование и наука. Реализацијата на практичната настава е добра. Истата се реализира во училиштето во кабинети. Учениците и наставниците ја водат потребната евиденција. За реализираните активности од практичната настава учениците и наставниците водат соодветна евиденција утврдена во Насоките за програмирање и реализација на практичната обука.

Во училиштето, со процесот на инклузија, во редовна настава се вклучени 4 ученици со пречки во развојот. Формиран е училишен инклузивен тим (Одлука бр.02-445/3 од 04.10.2022 година).

На одделенските часови се реализира програмата „Образование за животни вештини". Се спроведуваат активности, предавања и работилници од областа на здравствена едукација, сексуално и репродуктивно здравје, превенција од насилство, болести на зависности др. Наставниците не водат уредна документација од реализацијата на работилниците.

Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, се реализира преку интегрирани содржини кај поголем број наставници во редовна настава. Наставниците и учениците работат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа.

Во училиштето се реализира и програмата за „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“.Училиштето има партнер училиште, СОУ „Неготино“ – Неготино, општина Врапчиште со кое се реализираат заеднички активности.

Проектите кои се реализираат во рамките на програмата Еразмус + се во партнерство со други европски држави. Комуникацијата со ученици и наставници од други држави вклучени во проектите, како и мобилностите кои се реализираат во рамките на проектите нудат можност за запознавање на различни култури, традиции и обичаи на државите чии претставници се вклучени во проектите.

Воннаставните активности вклучуваат екскурзии, општествено корисни активности, еколошки акции, собирни акции со хуманитарен карактер, едукации на различни теми за личен развој на учениците, хор и оркестар, кошаркарски и фудбалски тим, футсал тим, тенис, драмска и литературна секција, проекти од Еразмус + програма, активности во рамки на проект Junior Achievement. Членовите на младинската организација во голем дел учествуваат во изборот, планирањето и организирањето на овие активности.

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:
1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и наставниците учествуваат на општински, регионални и државни натпревари.

Училишната заедница во училиштето работи како младинска организација „Единство“. Имаат изготвена програма за работа, раководството зема активна улога во животот во училиштето. Работат под менторство на дефектологот.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб Љупчо Сантов 2014, со деловоден број 3092014003072 и ЕМБС 6992676. Училишниот спортски клуб е активен на општински, зонски и регионални натпревари во футсал, фудбал, ракомет, пинг-понг, кошарка, одбојка, тенис и шах.

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди во текот на учебната година. Се следат постигањата на учениците по пол, струки и години.За успехот на учениците од четврта година на испитите од државна матура, училишна матура и завршен испит, исто така се изработуваат извештаи за постигнатиот успех и бројот на ученици кои положиле матура во јунскиот и августовскиот испитен рок.

Училиштето изготвува распоред за дополнителна и додатна настава. Реализацијата на часовите од дополнителна настава делумно задоволува. Истите не се реализираат во согласност со распоредот од страна на поголем број наставници. Часовите за додатна настава најчесто се реализираат со учениците кои се подготвуваат за учество на натпревари и за проширување на знаењата на учениците.

Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонтално движење на учениците, со можност за премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка. Училиштето обезбедува услови за запишување на ситеученици кои ќе покажат интерес од регионот.

Во последните две учебни години бројот на запишани ученици во гимназиски паралелки и економски техничар се намалува поради критериумите во Конкурсот за потребните поени. Постои зголемен интерес за запишување на учениците во дуалните паралелки. Училиштето овозможува запишување и на ученици со пречки во развојот.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуствооднаставатаипреземаактивности кои во последните три години даваат резултати.

Во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината. На полагање со една или две слаби оценки биле упатени 11 ученици минатата учебна година.

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручните соработници во нивните годишни програми за работа.

Поголем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи различни наставни форми и методи, како и расположливи нагледни средства. Поголем број од наставниците користат различни техники на оценување.

Наставниот процес за гимназиско образование се реализира во класични училници и кабинети. Практичната настава се организира и реализира во училиштето и во реални услови кај работодавач.

Изборот на задачи и активности за време на часот не секогаш е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголем број од наставниците користат исти приоди за сите ученици во процесот на учење. Најголем број од наставниците користат одобрени учебници и прирачен материјал, како и расположливи ресурси.

Учениците сметаат дека на поголем број од наставните часови се учи на интересен начин и можат да учествуваат во активностите за време на часот, но учениците прават разлика помеѓу одделни наставни предмети, односно пристапи на наставниците во изведувањето на наставата. Според нив во наставниот процес потребно е да се воведе повеќе пракса, отколку теорија.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со телесни пречки во развојот. Во училиштето има ученик со физички хендикеп, за кој наставата е прилагодена на приземје во училиштето.

За учениците кои доаѓаат од други општини и од населените места во општините, се организира бесплатен превоз до училиштето и обратно.

Училиштето води евиденција на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

Во училиштето не се идентификувани случаи на насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците.

Во состав на Годишната програма е и Програмата за грижа за здравјето во која се опфатени редовните систематски прегледи на учениците, вакцинации, работилници за здрав развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност.

Училиштетоимадоговоренипроцедуризагрижазаучениците штозарадихроничнозаболувањеилисериозниповредиподолговремеотсуствуваатодредовнанастава.

Наставницитеводатевиденцијазанапредокотнапостигањата, редовноста,поведениетонасекојученик/ученичка.

Редовно се изготвуваат прегледи, анализи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на тримесечие, полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.

Училишната клима и односите помеѓу најголем број од учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри.

Училиштето се истакнува според постигањата на учениците. Вработените со својата работа и однесување придонесуваат за целосна афирмација на училиштето.

Училиштето има донесено Куќниот ред и Кодекси за однесување каде се поставени правилата и принципите на однесување.

Училиштето остварува соработка со локалната и деловната заедница. Учествува во одбележувањето на значајни настани во општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Пристапот во училиштето е приспособен за потребите на учениците со телесни пречки во развојот.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата, со што ги задоволува потребите на учениците.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра.

Хигиената во училиштето е на добро ниво.

Училиштето располага со: 5 интерактивни табли, 20 електонски интерактивни панели, 36 персонални компјутери ( 16 во кабинет по информатика и 20 во практична настава), 60 лап-топ комјпутери за наставниците, 8 ЛЦД проектори, 22 принтери, 4 телевизори, 2 графоскопа, 8 скенера, микроскопи, нагледни средства и спортски реквизити за нормално функционирање на воспитно–образовниот процес.

Освен наставниците, во воспитно-образовниот процес се вклучени стручните соработници: педагог, психолог и дефектолог. Во административната служба вработени се: секретар и благајник . Како технички персонал работно се ангажирани седум лица од кои еден е мајстор-парноложач, а останатите се хигиеничари.

Воспитно-образовниот процес во Училиштето годинава го извршуваат 54 наставници.

Училиштето остварува и сопствени приходи од уписнина и испити од вонредни ученици и провизија од кафе-мат апарат.

Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е многу добра.

Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето, знае да ја промовира добрата практика што постои во училиштето, но не е доволно критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, што е во согласност со одредбите на Законот за средно`образование.

Резултатите од Самоевалуацијата, детално се имплементираат во Програмата за развој на училиштето, сите цели се опфатени, а активностите и конкретните цели се поставени во конкретна рамка на време на реализација со единствена препорака трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации.

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето, ја организира и следи реализацијата на наставата и обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со архивски број 02-77/5 од 20.01.2023 година.Решението за давање на согласност на Статутот на училиштето од МОН е со арх.бр. Уп.11284од15.02.2022 година.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.02-266/6 од 24.08.2023 година, со одлука од општината бр. 09-1764/1 од 27.09. 2023 година.

Училиштето има изработено самоевалуација со дел.бр. 02-266/4 од 24.08.2023 година во која се наведени јаките и слабите страни во работењето.

Училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со дел.бр. 01-346/1 од 13.08.2020 година.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Средното општинско училиште „Љупчо Сантов”е изградено во 1959 година. Училишниот објект е лоциран во централното градско подрачје во опкружување со воспитно-образовни установи, спортска сала, ПТТ, Основен суд, Дом на културата, автобуска станица.

Се запишуваат ученици и од соседните општини (Чешиново - Облешево, Зрновци, Виница и Македонска Каменица).

Просторните услови и капацитети овозможуваат двосменско работење (прва смена од $7^{15}$до $13^{15}$и втора смена од $13^{30}$ до $19^{30}$).

Објектот зафаќа површина од 3 102 $m^2$, а училишниот двор е со површина од 5 550 $m^2$. Училиштето располага со 25 училница, од кои 9 кабинети се адаптирани реализација на наставата по музичка уметност, ликовна уметност, физика, хемија, за сметководство, информатика, фитнес сала, странски јазици, математика.Опремени се и други простории кои се користат за наставничка канцеларија, администрација, стручни соработници, директор, помошник директор, библиотека, мултикултурен центар, сала за танци, спортска сала.

За потребите на наставниот кадар опремени се 9 кабинети со адекватен мебел и основна компјутерска опрема ( 5 интерактивни табли и 20 електронски панели).

Училиштето е целосно оградено, добро осветлено и обезбедено со инсталирани сигурносни камери за видео надзор.

Наставата ја реализираат вкупно 54 наставници со соодветно образование, од кои само еден наставник е несоодветен. Оваа учебна година запишани се 503 ученици, распоредени во 31 паралелки, од кои 13 паралелки во гимназиско образование, 15 паралелки во економско – правна и трговска струка и 3 паралелки во хемиска струка. Струките се верифицирани од страна на Министерството за образование и наука за што училиштето поседува решенија за верификација (бр.09-2463/1 од 15.05.2004 година за гимназиско образование, економија , право и трговија – економски техничар Уп.1. 13-3304/19 од 10.06.2020, економија, право и трговија- бизнис администратор Уп1. 13-952 од 14. 04.2021 и хемија и технологија Уп.1 13-953 од 14.04 2021 година ).

Од Решението за упис во Централен регистар е констатирано дека правниот субјект СОУ „Љупчо Сантов“ од Кочани, со ЕМБС 4049012 е заведен од 28.12.1973 година.

Училиштето има добиено Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од основачот 08-1286/1 од 03.07.2023 година до Министерство за образование и наука со бр. 13-7257/2 од 20.07.2023 година.

Училиштето има согласност од Министерство за информатичко општество и администрација (бр. 12/6-1573/2 од 01.04.2016 година,) на Правилникот на внатрешна организација на училиштето, со арх.бр. 01-238/2 од 25.06.2015 година. Последната измена на Правилникот е од 21.03.2018 година, за која има и согласност од Министерство за информатичко општество и администрација (бр.12-1765/3 од 19.03.2018 година).

## 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

### 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука.

Во училиштето се реализираат наставни планови и програми за гимназиско образование (природно-математичкоподрачје комбинација А и Б; јазично-уметничко подрачје комбинација А и Б и општествено-хуманистичко подрачје - А комбинација) и стручно образование во две струки: економија, право и трговија со два профили: економски техничар и бизнис администратор (дуално образование) и хемија и технологија со профил хемиски лабораториски техничар (дуално образование). Наставниот процес опфаќа предмети за општо образование, стручни предмети, изборни предмети и изборни наставни подрачја, проектни активности, содржиниппланирани од училиштето (слободни часови), практична настава, феријална пракса, како и дополнителна, додатна и консултативна настава.

Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Училиштето ги запознава родителите со наставните планови и програми на родителски состаноци на почетокот на учебната година и преку советот на родители. Наставниците ги запознаваат учениците со целите на наставните планови и програми на почетокот на учебната година.

Изборните предмети се застапени во гимназиското и стручното образование. Изборот

го вршат учениците по пат на анкета која се спроведува во месец мај. Во стручното образование учениците избираат еден модул со два предмети, од кои едниот го изучуваат во трета, а едниот во четврта година.

Проектните активности претставуваат посебно подрачје во структурата на наставниот план на гимназиското образование со цел задоволување на индивидуалните интереси и желби на учениците во одделни области, а истовремено се и во функција на матурата за полесно изработување на проектната задача. Секој ученик избира по две задолжителни проектни активности. За секоја проектна активност учениците изработуваат портфолио.

Во училиштето се реализираат и слободни часови како посебно подрачје во наставните планови за четиригодишно стручно образование, со цел задоволување на индивидуалните потреби на учениците, стекнување, проширување и продлабочување на знаењата, развивање на способности, вештини и изградување на сопствени ставови. Практичната настава се реализира врз основа на наставните програми предложени од Центарот за стручно образование и обука и донесени од Министерот за образование и наука. Реализацијата на практичната настава е добра. Истата се реализира во училиштето во кабинетии во реални услови кај работодавач. Учениците и наставниците ја водат потребната евиденција. За реализираните активности од практичната настава учениците и наставниците водат соодветна евиденција утврдена во Насоките за програмирање и реализација на практичната обука.

Во училиштето, со процесот на инклузија, во редовна настава се вклучени 4 ученици со пречки во развојот. Формиран е училишен инклузивен тим (Одлука бр.02-445/3 од 04.10.2022 година). Во согласност со родителите, наставниците во соработка со дефектологот, изготвиле индивидуални образовни планови за еден ученик со пречки во развојот. За еден ученик со потешкотии во учењето (дислексија) дефектологот врши проценка на способности за учење и потоа се врши прилагодување на наставните содржини во согласност со индивидуалните можности на ученикот. Идентификуван е еден ученик со хронично заболување и еден ученик со телесен инвалидитет. На одделенските часови се реализира програмата „Образование за животни вештини". Се спроведуваат активности, предавања и работилници од областа на здравствена едукација, сексуално и репродуктивно здравје, превенција од насилство, болести на зависности др. Одделенските раководители не водат уредна документација од реализацијата на работилниците.

Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, се реализира преку интегрирани содржини кај поголем број наставници во редовна настава. Наставниците и учениците работат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа. Минатата учебна година реализирани се следниве активности:

- Во февруари месец, 2023 година, од страна на Нулта отпад – Скопје, во училиштето е одржано предавање за селекција на електричен отпад;
- Од 10.04.2023 година, во тек е реализацијата на проектот „Млади еко инспектори“. Целта на проектот е развој, имплементација и промоција на образовен концепт заснован на активности за средношколци во справувањето со еколошките предизвици кои ги имаат заедниците. Во соработка со К ЈП Водовод, средно училиште од Пазарџик – Бугарија и средно училиште од Лариса – Грција, група наставници и 24 ученици со употреба на детектор за вода ќе ги мерат следнива параметри: pH, температура, растворен кислород и кондуктивност, а со детектор за воздух че мерат: pM 2,5.pM 10, CO, CO2, TVOC, HCHO. Измерените параметри ќе ги внесуваат во електронска табела e-twining;
- Учество на UPSHIFT Bootcamp на тема Дигитализација (25-27.04.2023) во Струга, и освоено прво место за идејно решение – Дигирален фотосинтетски билборд во износ од 120 000 ден. Искористувајќи ја биолошката фотосинтетска способност на алгите, како и моќта на сончевата енергија како обновлив извор, иновацијата допринесува за прикажување на дигитални визуелни реклами каде ќе имаат можност да се рекламираат општествено одговорни компании;
- На 12.05.2023 година, во рамки на проектот Генералка викенд, реализирана е еко акција за собирање на отпад во училишниот двор;
- КЈП Водовод, Општина Кочани и училиштето во пресрет на 16 септември – Меѓународен ден за чистење на планетата, реализирале еко акција за собирање на отпад кај спомен домот АСНОМ.

Во училиштето се реализира и програмата за „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“. Во годишните и тематските планирања, секој наставник во рамките на предметот кој го предава и можностите кои ги нуди самиот предмет интегрира теми кои придонесуваат за подигнување на свеста од неопходноста од соживот меѓу различните етнички заедници, разбивање на стереотипите и предрасудите за луѓето од различни етнички заедници, запознавање со културата и традицијата на етничките заедници во нашата држава. Во рамките на програмата за класните часови се обработуваат теми кои се поврзани со меѓуетничката интеграција.

Проектите кои се реализираат во рамките на програмата Еразмус + се во партнерство со други европски држави. Комуникацијата со ученици и наставници од други држави вклучени во проектите, како и мобилностите кои се реализираат во рамките на проектите нудат можност за запознавање на различни култури, традиции и обичаи на државите чии претставници се вклучени во проектите.

Училиштето има партнер училиште, СОУ „Неготино“ – Неготино, општина Врапчиште. Досега имаат реализирано 6 заеднички активности (од кои три со физичко присуство и директна комуникација, а последните 3 активности се реализирале онлајн). Во месец декември 2020 година, во услови на пандемија учениците и наставниците работеле онлајн, на изработка на хербариум. Реализацијата на активностите била медиумски покриена од локалните медиуми на двете партнер училишта. Во второто полугодие на учебната 2021/2022 година биле реализирани онлајн работилници со цел подготовка за одбележување на 21 септември – Меѓународерн ден на мирот, во соработка со USAID, МЦГО и МОФ. Крајниот резултат на активностите бил одбележување на денот со делење на промотивен материјал во училиштето и во градот (моливи, пенкала, нотези со пораки за мир, креирани од учениците, напишани на македонски јазик, албански и англиски јазик), засадување на садници во училишниот двор кои ќе претставуваат потсетник за ваквите активности. Во учебната 2021/2022 година искористен е мал грант доделен од МОН, за реализација на заеднички активности со партнер училиштето. Биле реализирани онлајн работилници на кои се креирале тријазични пораки за мирот и толеранцијата (на англиски, македонски и албански јазик), а крајниот резултат бил изработка на албум на толеранцијата и мирот.

Во учебната 2022/2023 година училиштето повторно аплицирирало за добивање на мал грант за реализација на заеднички активности со партнер училиштето и истиот бил одобрен. Биле планирани активности за кратка театарска претстава на тема булинг на англиски јазик и прикажување на претставите во едно од училиштата. Активноста не била реализирирана и е одложена за оваа година, затоа што партнер училиштето не добило официјална информација од МОН за доделениот грант, и покрј тоа што листата на одобрени грантови била објавена на веб страната на МОН.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат планирањата во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. Наставниците имаат можност за прилагодување на наставните програми преку примена на активни методи и техники на учење.

Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во планирањата на наставниците. Имплементирањето на планираните содржини најчесто е преку посета на објекти и институции кои се карактеристични за средината, а во најголем дел се однесуваат на реализација на практичната настава, учење преку работа и феријална пракса во средно стручно образование.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат. Од страна на поголем број наставници се реализираат содржини кои овозможуваат учениците да се стекнат со знаења од повеќе области согласно нивната возраст, а со цел развивање на одговорноста, самодовербата, како и почитување на индивидуалните разлики помеѓу учениците, почитување на човековите права и јакнење на свеста за припадност во мултикултурно општество.

Училиштето преку формалните органи расправа за наставните планови и програми, но нема покренато иницијатива за изменување на наставниот план и наставните програми.

### 1.3. Вonнаставни активности

Училиштето нуди можност за организирање на воннаставни активности во согласност со интересите на учениците, како и со просторните и финансиските можности со кои располага. Воннаставните активности вклучуваат екскурзии, општествено корисни активности, еколошки акции, собирни акции со хуманитарен карактер, едукации на различни теми за личен развој на учениците, хор и оркестар, кошаркарски и фудбалски тим, футсал тим, тенис, драмска и литературна секција, проекти од Еразмус + програма, активности во рамки на проект Junior Achievement. Членовите на младинската организација во голем дел учествуваат во изборот, планирањето и организирањето на овие активности. Во последните 5 години се реализирани 17 Еразмус+ проекти во кој учествувале и патувале околу 270 ученици. Оваа година започнале два нови Еразмус + проекти. На учениците им се овозможува да искусат нова култура, да го подобрат својот јазик и комуникациски вештини, да развијат меѓународни пријателства, да го прошират својот хоризонт, со што се влијае на личниот развој на учениците. Од една страна, се зголемува нивната самостојност, одговорност и способност за превземање на иницијативи. Од друга страна, развиваат вештини како тимска работа, проблемско решавање и критичко размислување.
Во последните 5 години во СОУ „Љупчо Сантов“- Кочани се реализирани 17 Еразмус+ проекти во кој учествувале и патувале околу 270 ученици. Оваа година започнале два нови Еразмус + проекти. Училишто добило понуда да ги посети просториите на Европскиот парламент во Стразбур, во периодот помеѓу 15-ти и 17-ти ноември 2023 година, во рамки на образовната активност Euroscola, во организација на Директоратот за комуникации при Европскиот парламент. Целта е да се овозможи учество на претставници од средни училишта од 27-те земји членки на ЕУ, земји кандидатки и поранешни земји членки, со тоа што учениците ќе земат учество во активности како дебата, преговарање, гласање и финално носење на резолуции и одлуки за конкретни прашања од европска политика. На тој начин учениците се запознале со работата на Европскиот парламент, дискутирале на теми од демократија, човекови права, европски вредности и имале можност да го изразат својот став за одлуките кои се носат од страна на Европскиот парламент.

Минатата учебна година учениците, во рамки на Futzila – Интернационален иновативен онлајн камп за развој на бизнис идеи во секторот храна, биле меѓу финалистите.Учество земале над 80 земји од Европа и Африка. Целта била да се развијат идеи, да се направи промотивно видео или презентација. Сработеното го оценувала жири комисија и училиштето влегло во десетте финалисти. Таков иновативен камп се организирал и во Кочани и Велес.
Во последните 5 години се реализирани 35 eTwinning виртуелни проекти во кој учествувале околу 210 ученици. eTwinning е виртуелна онлајн платформа, специјално дизајнирана за основни и средни училишта, која им овозможува на вработените да се поврзат со своите ученици и колеги од другите земји во Европа и да работат заедно на проекти. Оваа платформа им дава на учесниците пристап до бесплатни ресурси и алатки за креирање на виртуелни проекти, како и за развивање на своите професионални вештини преку бесплатни онлајн курсеви. За успешната работа училиштето е наградено со eTwinning сертификат за квалитет за 35 проекти и со Европски сертификат за квалитет за 21 проект. Оваа година се реализираат уште 4 нови eTwinning проекти. Училиштето по трет пат (2019-2020 год.; 2021-2022 год.; 2023-2024 год.) е наградено со Европска ознака за eTwinning Училиште - лидер во меѓународна соработка и иновации во образованието .Училиште има eTwinning амбасадор од 2018 година. Ученици и наставници активно учествуваат во проектот ЦКА-ПХВ (Црвен ктст во акција – промоција на хумани вредности) преку кој учениците стануваат волонтери на Црвениот Крст. Минатата учебна година, осум ученици со ментор биле вклучени во проект „Силни млади моќна заедница“, пет ученици биле дел од „Камп на иновации“ и учествувале на интернационален камп на иновации „Foodation“, петтнаесет ученици поминале онлајн обука за Циркуларна економија. Околу 50 ученици од прва, втора и трета година присуствувале на трибина од организација на потрошувачи „Моите права како потрошувач“, а ученици од трета и четврта година присуствувале на предавање на тема „Инфлуенсер маркетинг“.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и наставниците учествуваат на општински, регионални и државни натпревари. Во последните три учебни години учениците најчесто освојувале прво, второ и трето место на општински и регионални натпревари по математика, англиски јазик, хемија, прво место на XI Ораторска вечер при УГД – Штип, прво место на државен натпревар по англиски јазик и второ место по програмирање, пофалница на државен натпревар по физика, освоени места на општински, регионални и зонски натпревари во ракомет, пинг-понг, кошарка, футсал, одбијка, шах. Се зема учество и на литературни и ликовни конкурси на општинско ниво, како и на манифестации организирани од локалната самоуправа и институции во општината. Минатата година за прв пат бил организиран предновогодишен хуманитарен футсал натпревар помеѓу наставниците од двете средни училишта во општината, со активно учество на младинските организации од училиштата за збогатување на настанот со низа активности. Резултатите од работата во вонНаставните активности се промовираат и презентираат на различни манифестации што ги организира училиштето, на патронен празник, отворен ден, презентации во основните училишта. За афирмирање на активностите се користат веб страната на училиштето, инстаграм профил и фејзбук страната на училиштето, како и локалните пишани и електронски медиуми.

Училишниот одбор и родителите се запознаени со Правилникот за изведување на ученички екскурзии. Училиштето ги вклучува родителите при планирањето и реализација на ученичките екскурзии. За реализацијата на истите училиштето изготвува програма и извештај. Училишната заедница во училиштето работи како младинска организација „Единство“. Имаат изготвена програма за работа и раководство и земаат активна улога во животот во училиштето. Работат под менторство на дефектологот. Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Љупчо Сантов 2014“, со деловоден број 3092014003072 и ЕМБС 6992676. Училишниот спортски клуб е активен на општински, зонски и регионални натпревари во футсал, фудбал, ракомет, пинг-понг, кошарка, одбојка, тенис и шах.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1.Постигања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди во текот на учебната година. Се следат постигањата на учениците по пол, струки и години.

За успехот на учениците од четврта година на испитите од државна матура, училишна матура и завршен испит, исто така се изработуваат извештаи за постигнатиот успех и бројот на ученици кои положиле матура во јунскиот и августовскиот испитен рок. Од споредбените анализи може да се констатира дека средниот успех на учениците во последните три учебни години на ниво на училиште за учебната 2020/2021 година е 4.42, за учебната 2021/2022 година - 4.06 и за 2022/2023 година - 4.19. Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, согласно Правилникот за номинирање избор и прогласување на ученик на генерација и пофалување, а се наградуваат со дипломи и награди обезбедени од училиштето. Учениците кои имаат високи постигања се наградуваат со пофалници. Училиштето изготвува распоред за дополнителна и додатна настава. Реализацијата на часовите од дополнителна настава делумно задоволува. Истите не се реализираат во согласност со распоредот од страна на поголем број наставници Часовите за додатна настава најчесто се реализираат со учениците кои се подготвуваат за учество на натпревари и за проширување на знаењата на учениците. Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонтално движење на учениците, со можност за премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка. На крајот на годината се изготвува анализа за постигнатиот успех на учениците од прва година, и успехот се доставува до училиштата во кои учениците завршиле IX одделение. Психологот во училиштето врши советување на родители и ученици. Во учебната 2021/2022 година е извршено советување на вкупно 69 родители:

по основ на намален успех во учењето/негативна оценка по три или повеќе предмети – 51 родител; по основ на нередовно посетување настава – 12 родители и по основ несоодветно однесување во училиштето – 6 родители. Во учебната 2022/2023 година, извршено е советување на вкупно 57 родители: по основ на намален успех во учењето/негативна оценка по три или повеќе предмети – 42 родители; по основ на нередовно посетување настава – 5 родители и по основ несоодветно однесување во училиштето – 10 родители. Психологот на училиштето води уредна евиденција и документација за советувањата на родителите. Постигањата на учениците со пречки во развојот континуирано се следат од страна на инклузивниот тим за ученици.

**2.2. Задржување, осипување на учениците**

Училиштето обезбедува услови за запишување на ситеученици кои ќе покажат интерес од регионот.Има изградено политика на опфат на ученици, при што презема различни активности, како на пример, посета и презентација на училиштето во основните училишта како и поделување на флаери кои содржат информации за училиштето. Запишувањето на ученици во училиштето се врши по пат на конкурс кој го објавува Министерството за образование и наука. При уписот училиштето се придржува до критериумите поставени во конкурсот. Во последните две учебни години бројот на запишани ученици во гимназиски паралелки и економски техничар се намалува поради критериумите во Конкурсот за потребните поени. Постои зголемен интерес за запишување на учениците во дуалните паралелки. Училиштето овозможува запишување и на ученици со пречки во развојот.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуствооднаставатаипреземаактивности кои во последните три години даваат резултати. Изготвува детални извештаи кои се разгледуваат од страна на Наставнички совет, со цел предлагање и донесување на конкретни мерки за намалување на отсуствата од настава. Просечниот број на оправдани изостаноци по ученик на ниво на училиште за учебната 2020/2021 година изнесува 12, во учебната 2021/2022 година изнесува 36 и во 2022/2023 година изнесува 47 изостаноци по ученик. Просечниот број на неоправдани изостаноци по ученик за учебната 2020/2021 година изнесува 2 во учебната 2021/2022 година изнесува 4 и во 2022/2023 година, изнесува 5 изостаноци по ученик. Споредбените податоци покажуваат дека најголем број од учениците се со примерно поведение. Во учебната 2020/2021 година, поведението на добро е намалено кај 2 ученика од гимназиски образование.Во учебната 2021/2022 година поведението на добро е намалено кај 3 ученици од стручно образование и 3 ученици од гимназиско образование, и во учебната 2022/2023 година добро поведение имале 22 ученици од стручно образование и 2 ученици од гимназиско образование. Во учебната 2021/2022 година изречена е писмена опомена на 24 ученици, а во учебната 2022/2023 година изречена е писмена опомена на 24 ученика и опомена пред отстранување на 2 ученика.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Во учебната 2020/2021 година, испишани се вкупно 2 ученици, во учебната 2021/2022 година испишани се 8 ученици и во учебната 2022/2023 година, испишани се 13 ученици, а како најчеста причина се наведува иселувањето во странство. Евидентирана е и појава на запишување на ученици во училиштето од други училишта: во учебната 2020/21 година запишани се вкупно 8 ученици во учебната 2021/22 година запишани се 11 ученици и во учебната 2022/2023 година се запишани 11 ученици. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

**2.3. Повторување на учениците**

Во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината. На полагање со една или две слаби оценки биле упатени 11 ученици минатата учебна година. Учениците и родителите се запознаени со правото за поднесување на жалба/приговор до Наставнички совет, доколку се незадоволни од оценките по одредени предмети.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирање на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручните соработници во нивните годишни програми за работа. Училиштето обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрирано образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците и поголем број од наставниците планираат и реализираат Еко и Мио содржини во наставата. Раководителите на паралелките имаат изготвено планирање за реализација на програмата Образование за животни вештини за одделенски час. Во нивните портфолија нема документација како доказ за реализација на работилниците со учениците. Годишните и тематските планирањата на наставниците се следат на почетокот на учебната година од страна на педагогот, кој има изготвено инструмент за следење на квалитетот на планирањата со јасни критериуми за квалитет на планирањата. За евентуалните пропусти, наставниците се известуваат, а пропустите кај најголем број наставници се отстрануваат.

Сите наставници ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава, проектни активности и слободни часови. Имаат изготвени годишни, тематски планирања кои ги содржат потребните елементи за организација и реализација на часот. Поголем број од наставниците редовно изготвуваат оперативни планирања за час. Најмногу еднаш во полугодие се врши посета на час од стручните соработници. Директорот не врши посета на часови. Не се посетуваат часови за додатна, дополнителна настава, слободни часови/проектни активности. Целите на наставата и начинот на оценување се јасни, но не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето.

Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи, и соработуваат со колеги од други училишта. Изготвуваат програми и извештаи за работата на стручните активи во училиштето, а за состаноците се водат записници.

Распоредот на часови го изготвуваат наставници во соработка со директорот, стручните соработници и училиштата од каде се дополнува со наставен кадар. Училиштето изработува распоред за додатна, дополнителна настава, слободни часови/проектни активности.

### 3.2. Наставен процес

Поголем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи различни наставни форми и методи, како и расположливи нагледни средства. Поголем број од наставниците користат различни техники на оценување. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка, користејќи ги расположливите нагледни средства по одделни предмети.

За унапредување на наставниот процес набавени се 20 интерактивни панели и 5 интерактивни табели и лаптопи за сите наставници. За ЛЦД презентации се користи и Мултимедијалниот центар. Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата.

Наставниот процес за гимназиско образование се реализира во класични училници и кабинети. Практичната настава се организира и реализира во училиштето и во реални услови кај работодавач. Со учениците се вршат посети на банки, канцелариите на Управа за јавни приходи и Централен регистар во општината, а се покануваат и претставници од локалните стопански субјекти за да ги запознаваат учениците со работата на бизнис секторот.

Од учебната 2019/20 година, учениците од прва година економска струка реализираат феријална практика во фирмата Amphenol Technoligy - Кочани, а од учебната 2020/21 година, учениците од втора година истата ја реализираат во фирмата Wienerberger – Виница.

Се зголемува бројот на работодавачи со кои училиштето развива партнерски однос. Училиштето има склучено меморандумите за соработка со 28 компании и институции. Сите ученици од прва до трета година (економски техничари, бизнис администратори и хемиски лабораториски техничари) се распоредени во компании и институции каде ја реализираат практичната настава, учење преку работа кај работодавач и феријалната практика.

Изборот на задачи и активности за време на часот не секогаш е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголем број од наставниците користат исти приоди за сите ученици во процесот на учење. Најголем број од наставниците користат одобрени учебници и прирачен материјал, како и расположливи ресурси.

Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, и поголем број наставници успеваат да создадат активна работна атмосфера.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло.

Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници. Најмногу еднаш во полугодие се врши посета на часови кај секој наставник. После посетата на час се разговара и забелешките се користат за подобрување на наставниот процес. Директорот не врши посета на часови.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Македонија. Трудови на учениците се изложени само во кабинетите.

Учениците сметаат дека на поголем број од наставните часови се учи на интересен начин и можат да учествуваат во активностите за време на часот, но учениците прават разлика помеѓу одделни наставни предмети, односно пристапи на наставниците во изведувањето на наставата. Според нив во наставниот процес потребно е да се воведе повеќе пракса, отколку теорија.

За време на часот поголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и изведуваат заклучоци за она што го учат и поголемиот дел од учениците учествуваат во активностите за време на часот.

Членовите на младинската организација „Единство“ сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено во предвид при решавањето на одредени проблеми и одлучувањето. Бројат вкупно 64 членови, и изберено е раководство од 10 члена. Работат под менторство на дефектологот. Имаат програма за работа во која се планирани активности кои се однесуваат на организирање на активности за одбележување на значајни датуми, учества во манифестации организирани од страна на општината (Денови на оризот, Велосипедски трки, планинарски тури), работилници за физичко и ментално здравје, хуманитарни акции за собирање на облека и прибор во соработка со Црвен Крст, филмски вечери во соработка со ЦК „Бели Мугри“, литературни и ликовни конкурси, средношколски забави.

Според нив училиштето низ организирани форми поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците, вработените и локалната заедница, и им овозможува на учениците да иницираат активности и преземаат одговорност во и надвор од наставата. Училиштето негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Стручните соработници и наставниот кадар ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење, и преземаат активности за исполнување на потребите или отстранување на пречките.

Дефектологот во училиштето води уредна евиденција и документација од работата со учениците со пречки во развојот. Со нив работи по завршувањето на редовната настава, или пред почетокот на истата. Остварува добра соработка со родителите. Обезбедува поддршка на наставниците при изработката на индивидуален образовен план, како и при планирањето на наставните форми и методи за работа со учениците со пречки во развојот. Посетува настава во паралелките со овие ученици, води протокол за следење на час и изготвува анегдотска белешка за индивидуално следење на напредокот кај учениците. Се одржуваат квартални состаноци со инклузивиот тим за евалуација на постигањата на учениците.

Иако наставниците планираат дополнителна настава, реализирани се мал број на часови. Учениците и наставниците изјавија дека тоа е резултат на големиот број на часови за редовна настава, двосменското работење, висок среден успех, а и немање интерес од учениците да остануваат на часови за дополнителна настава. Додатна настава најчесто се реализира за подготовка на ученици за натпревари.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување.

Поголем број од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување.

Поголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата. Не сите наставници ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите, и распоред за консултација со наставниците.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие. Мал број од наставниците не ги ажурираат податоците во електронскиот дневник. Родителите кои имаат доставено телефонски броеви, добиваат смс пораки за постигањата на нивните ученици.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4. 1. Севкупна грижа за учениците

Инфраструктурата и училишниот простор не претставуваат потенцијална опасност за безбедноста на учениците. Училишниот двор е целосно ограден, има три спортски игралишта со поплочени патеки, паркинг простор и зелена површина.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со телесни пречки во развојот. Во училиштето има еден ученик со телесни пречки во развојот, за кој наставата е прилагодена на приземје во училиштето. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите лицата со телесни пречки со една пристапна рампа.

Во училиштето има тројца обучени наставници за давање прва помош на вработени и ученици при несреќни случаи.

Училиштето има склучено договор за осигурување на училишната зграда. Наставниците и учениците на доброволна основа се осигурани во осигурителна компанија – Триглав осигурување АД Скопје. Во изборот на осигурителната компанија за учениците, вклучени се родителите преку Совет на родители.

Училиштето има изготвено Правилник за заштита од пожари и експлозии, бр.03-501/1 од 10.11.2021 година, а согласноста од Дирекција за заштита и спасување е со број 09-142/2 од 12.11.2021 година. Има Проценка на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности, бр.06-141/6 од 05.04.2019 година, Елаборат за подготвување на показна вежба за заштита и спасување од пожар и други елементари непогоди, од 09.12.2010 година со Шема на влезни и излезни патишта на возила и евакуација на луѓе и материјални добра и План за евакуација. Последна вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на елементарна непогода е изведена на 07.12.2021 година со број 27-2316/2.

На училишната зграда поставена е громобранска инсталација. Од страна на инспекциско тело за електрични мерења и испитува, извршен е преглед и доставен е заклучок дека врз основа на добиените резултати, громобранската инсталација е исправна за користење со број 099-И-2/2021 година.

Училишната зграда е обезбедена со 15 камери за видео надзор.

Обезбедени се 8 ПП апарати кои се во функција и редовно се сервисираат од страна на надлежна институција. Четворица вработени во училиштето поминале показна вежба за правилна употреба и ракување со противпожарни апарати.

За време на одморите се организираат дежурства по ходниците од страна на наставниците и стручните соработници. На влезот во училиштето се организираат дежурства од страна на ученици.

Училиштето има донесено Куќниот ред и Кодекси на однесување на учениците, наставниците, директорот и родителите во училиштето, кои се истакнати во училишните простории и училишниот хол.

Во услови на пандемија со Ковид 19, училиштето постапувало согласно насоките и протоколите добиени од МОН, во однос на организацијата и реализацијата на наставата со физичко присуство и организирањето на практичната настава.

Во годишната програма за учебната 2020/21 година, 2021/2022 година, постои евиденција за реализирала со учење на далечина и со физичко присуство за учениците

кои реализирале практична настава и биле донесени интерни акти:План за одржување на наставата со дел. бр. 03-371/1 од 27.08.2020 година; Протоколот за спроведување на овој тип на настава дел. бр. 03-371/2 од 27.08.2020 година, Куќен ред во услови на пандемија од Ковид 19 дел. бр.03-371/4 од 27.08.2020 година и Етички кодекс за однесувањето на учениците, родителите и наставниците кои следат настава од далечина дел.бр.03-371/3 од 27.08.2020 година. Во учебната 2021/22 година, кога наставата се реализирала со физичко присуство на сите ученици, биле донесени интерни: План за одржување на наставата со дел. бр. 01-381/1 од 26.08.2021 година; Протокол за спроведување на овој тип на настава дел. бр. 01-381/2 од 26.08.2021 година, Куќен ред во услови на пандемија од Ковид 19 дел. бр.03-381/4 од 26.08.2021 година и Етички кодекс за однесувањето на учениците, родителите и наставниците кои следат настава од далечина дел. бр.03-381/3 од 26.08.2021 година.

Во училиштето е формирана младинска организација „Единство“, која има изготвено програма за работа. Во последните три учебни години, реализирани се голем број на активности. Учениците од младинската организација се вклучуват и учествуваат во актиностите во рамките наодбележување на денови на еразмус, патронен празник, хуманитарни акции, одбележување на натпревар на наставници со друго локало училиште - ревијален натпревар, одбележување на матурска вечер за учениците од завршната година, средношколска забава, ден на здрава храна, ден на оризот, денови на екологијата, лица со попреченост, вљубените и др.

Учениците со храна се снабдуваат од околните сендвичари и продавницата во училиштето. Училиштето не обезбедува увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците. За учениците кои доаѓаат од други општини и од населените места во општините, се организира бесплатен превоз до училиштето.

Училиштето води евиденција на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Идентификацијата се врши при запишувањето на учениците во училиштето, кога за секој ученик се пополнува социјален картон. Училиштетообезбедувprojматеријалнисредствазаученици кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставатаподистиусловикакодругитеученици, соорганизирање на хуманитарни акции од страна на младинската организација.

Во училиштето не се идентификувани случаи на насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците. Училиштето има примери за одржани предавања и работилници за заштита на учениците од насилно однесување. Од страна на педагошката служба се реализираат работилници на тема „ Превенција од врсничко насилство“ со сите ученици од втора и трета година,„ Сајбер булинг“ со учениците од четврта година, мерење на ниво на стрес и агресивност преку тестирање на учениците од четврта година. Во насока на поддршка на учениците, стручните соработници поминале обука на тема „ Борба за трговија и луѓе“, во декември 2021 година, „ Зачувување на менталното здравје“ во јануари 2023 година,,, Промоција на безбедна училишна средина“ во ноември 2023 година. Со цел заштита и спречување на сите форми на насилство, училиштето соработува и со НВО – секторот и институции од општината и државата. Ученици од училиштето учествувале на работилница на тема „ Сајбер булинг “, организирана од МВР- Скопје. Во тек е реализација на проект „ Безбедноста е нашето мото“- со поддршка на професори од факултетот за безбедност и малолетничко престапништво- Скопје.

Во соработка со МВР – СВР Штип, во училиштето бил одбележан Светскиот ден на жртвите во сообраќајните незгоди, во насока на сеќавање на ученик – жртва на сообраќајна незгода од училиштето.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци. Во училиштето има поставено апликации за забрана на истите. Со цел едуцирање на учениците за штетните последици од нивното консумирање се дискутира на класните часови, се организираат предавања од страна на стручните соработници во училиштето. Во училиштето во соработка со Црвен крст од Кочани, одржана е мотивациска работилница на тема „Дарување на крв“.

## 4.2 Здравје

Во училиштето има вработено 8 хигиеничари, со изготвен распоред на простории и училници за чистење.Хигиенатавоучилишнитепростории, ходницитеитоалетите е на добро ниво, што е потврдено и од разговорите со учениците, како и од анализата на дистрибуираните прашалници. Дворотнаучилиштетоеоградениозеленет. Воучилиштетоидворотимакорпизаотпадоци. Планиранитегодишниактивностикакодезинфекција, дезинсекцијаидератизација, сеспроведуваатредовно.

Ситевработенииученицивршатсистематскипрегледи. Последен систематскипрегледнавработенитееизвршенна 08.11.2021 година во ПЗУ Поликлиника Медика- Крива Паланка.

Во состав на Годишната програма е и Програмата за грижа за здравјето во која се опфатени редовните систематски прегледи на учениците, вакцинации, работилници за здрав развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност.

Училиштетоимадоговоренипроцедуризагрижазаучениците штозарадихроничнозаболувањеилисериозниповредиподолгвремеотсуствуваатодредовнанастава.

Училиштето има програма за работа со ученици со емоционални проблеми со дел.бр. 02-265/3 од 24.08.2023 година.

Во случаи на појава на зараза од грип и други заразни болести, училиштето редовно соработува со епидемиолошката служба и ги следи насоките дадени од нив.

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето им помага на учениците при изборот на занимањето, професијата институцијата за нивно понатамошно образование.

Стручните соработници ги насочуваат учениците во изборот на нивното понатамошно образование, преку спроведување на тестови за мерење на седумте вида на интелигенција, преку информативни разговори и др. Училиштето дава поддршка на учениците и при изборот на изборни предмети и изборот на образовни профили по струки.

Од училиштето добиваат навремени информации за концепцијата на државна матура како услов за запишување на високообразовните институции.

Учениците од завршните години присуствуваат на презентации, организирани од страна на високообразовните институции во државата.

Ученикот со пречки во развојот и учениците со потешкотии во учењето, поддршка добиваат од училишниот дефектолог.

Стручнатите соработници ги следат учениците со емоционални потешкотии, за кои ученици добиваат информација од наставниот кадар и одделенскиот раководител. Спроведуваат индивидуални средби со нив и нивните родители за надминување на емоционалната состојба, а во одредени случаеви изрекуваат педагошка мерка.

Училиштето има редовна соработка со релевантните установи, центар за социјална работа, полицијата итн.

## 4.4 Следење на напредокот

Наставницитеводатевиденцијазанапредокотипостигањата, редовноста,поведениетонасекојученик/ученичка.

Редовно се изготвуваат прегледи, анализи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на тримесечие, полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците, родителите се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје и на полугодие, преку свидетелствата на крајот на учебната година и Е – дневник на паралелка.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се истакнува според постигањата на учениците. Вработените со својата работа и однесување придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Родителите изјавија дека училиштето го има препознатливиот имиџ како и порано и дека квалитетот на воспитно образовниот процес, хигиената во училиштето, и климата во училиштето се на високо ниво. Поголемиот дел од вработените ја познаваат мисијата и визијата на училиштето. Училиштето ги реализира еко стандардите кајнајголем број наставни предмети.

Училиштето има донесено Куќниот ред и Кодекс за однесување на учениците каде се поставени правилата и принципите на однесување. Во случај на кршење на правилата, се постапува согласно Правилникот за изрекување педагошки мерки и Законот за средното образование. Има донесено и Кодекс за однесување на наставниците, има пропишана процедура за постапување во случаи на кршење на правилата од Кодексот.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Учениците членови на училишната заедница се покануваат на Наставнички совет, Совет на родители и Училишниот одбор.

Дисциплината на учениците е на добро ниво. Најголем број од наставниците истакнаа дека учениците се однесуваат добро во училиштето. Проблемите со дисциплината и редовноста резултираат со изрекување на педагошки мерки согласно Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Во учебната 2021/2022 година изречени се 24 писмени опомени на ученик. Во учебната 2022/2023 година изречени се 24 писмени опомени на ученик и 2 опомени пред отстранување од настава на ученик. Во учебната 2023/2024 година изречени се 14 писмени опомени на ученик.

Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на престојот во училиштето. Дежурствата на наставниците по ходниците за време на одморите секогаш се спроведува во целост.

Ученичката заедница – Младинска организација има програма за работа, според членовите нивната активност се сведува на организација на матурска забава, матурско табло, организација на екскурзија, иницирање и организација на хуманитарни акци, иницираат едукативни предавања и др. активности.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето презема активности за промовирање на постигањата на учениците. Учениците учествуваат на натпревари од општински, регионален,државен и меѓународен карактер. Училиштето ги наградува учениците кои учествувале и постигнале значајни резултати на општинско и републичко ниво,со јавно врачување на дипломи и благодарници на одржувањето на Патрониот празник на училиштето на 22март.

Во училиштето се води евиденција за учеството на учениците на натпревари и освоени награди. Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето. Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на: училиштето, преку WEB-страната, флаери, социјалната мрежа facebook на училиштето, локални,регионални и државни медиуми.

Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари од локално, регионално и национално ниво.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивно нарушување во практиката. Од учениците - претставници на Училишна заедница, немаше изнесено никакви забелешки за односот кон учениците од страна на наставниците во училиштето.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности, кои се застапени во сите пишани документи на училиштето.

Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Училиштето е вклучено во проектот на Министерство за образовани и наука за Меѓуетничка интеграција, преку кој учениците се запознаваат со културата, верата и традициите и на другите етнички заедници.

Училиштето има потпишано меморандум за соарботка со партнер училиштето СОУ „Неготино“ с.Неготино Општина Врапчиште.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето, преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор. Комуникацијата на училиштето со родителите се сведува на најмалку две родителски средби во едно полугодие, а има примери и на одржани индивидуални родителски средби по потреба се организира и вонредни родителски средби. Присуството на членовите на совет на родители на нивните состаноци и на состаноците на Училишниот одбор е добро и истите ги застапуваат интересите на родителите во училиштето. Училиштето е отворено за соработка со родителите секој работен ден за индивидуални средби со наставниците.

Родителите се запознаени со програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година.

Училиштето остварува соработка со локалната и деловната заедница. Учествува во одбележувањето на значајни настани во општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето соработува со сите институции од локалната заедница: Домот на култура, Градска библиотека, Основните и средни училишта, Едукативни центри, Центар за јавно здравје, Ротари клуб Кочани – Виница, Невладини организации и здруженија, со Факултетите во Скопје и Штип како и со други институции од општината.

Со деловната зеденица остварена е соработка со: компанијата „Амфенол“ има опремено прстор за учениците, трибина на спортско игралиште, таблети на учениците од ранливите категори и спонзорирање на хуманитарни акции. Компанијата „Антура“има опремено теретана за учениците, таблети на учениците од ранливите категори и спонзорирање на хуманитарни акции.

Секоја учебна година, родителите се запознаваат со програмата за работа на училиштето преку информативна брошура на родителите. Истата се објавува на веб страната и фејзбук страната на училиштето.

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во една училишна зграда кој се наоѓа во централнто градско подрачје во Кочани.

Училишната зграда е од цврста градба е изградена во 1959 година со површина од 3 102 м$^2$, располага со 16 училници и 9 кабинети (странски јазик, математика, информатика, физика, лабораторија по хемија, ликовно атеље, музичко, практична настава и теретана), 22 помошни простории, библиотека, 4 простории за административно-технички кадар, 1 просторија за наставниот кадар, 3 простории за стручните соработници,1 просторија за директорот.

Училиштето располага со ограден училишен двор со површина од 5 500 м$^2$, во кој се сместени: фискултурна сала, кошаркарско и одбојкарско игралиште со гумиран под и игралиште за мал фудбал со вештачка трева и трибини за гледачи и клупи за одмор и исхрана на учениците за време на одморите.

Фискултурна сала е со површина од 220 м$^{2,}$ со нестандарни димензи на спортски игралишта за одбојка и кошарка. Во фискултурната сала има простории за наставниците, соблекувални, простории каде се сместени спортските реквизити и санитарни јазли.

Училишните зграда се загрева преку систем за топловодно греење на нафта и геотермална вода заедно со ОУ„Св.Кирил и Методиј“- Кочани.

Училиштето е обезбедено 8 противпожарни апарати кои редовно се сервисираат (последен сервис од 13.07.2023 година ), но во училиштето се нефункционални хидрантните апарати.

Во училиштето е поставен и видео надзор со 15 камери.

Оваа учебна година, настава посетуваат503 ученици од I до IV година,кои се распоредени во 31 паралелка .Наставата се реализира во две смени.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата, со што ги задоволува потребите на учениците.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра.

Училиштето располага со: 5 интерактивни табли, 20 електонски интерактивни панели, 36 персонални компјутери ( 16 во кабинет по информатика и 20 во практична настава), 60 лап-топ комјпутери за наставниците, 8 ЛЦД проектори, 22 принтери, 4 телевизори, 2 графоскопа, 8 скенера, микроскопи, нагледни средстав по кабинети и спортски реквизити за нормално функционирање на воспитно–образовниот процес.

Училишната библиотека располага со вкупен фонд со околу 180 562примероци, 18 432 наслови од различен жанр (лектирни изданија 14 839, стручна литература 994 примероци, слободна литература 2355, литература од други јазици 244). Поголем број на книги се на македонски јазик додека мал број на книги се на француски, англиски и германски јазик. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности.Во библиотеката работат тројца наставници кои дополнуваат до полно работно време. Библиотекарите имаат изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води во книгаи електронски. Библиотеката е отворена за ученицитесекој работен ден од 07.30 до 19.30 часот. Библиотеката има и училнички простор – читална, која често се користи за состаноци и активности на Училишниот одбор, Совет на родители и Училишната заедница.

Училиштетопланира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставата. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал треба да се подобрува во согласност со потребите на наставата и службите.

### 6.3 Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес.

Од вкупниот број на наставници пет наставници се приправници со определени ментори.

Освен наставниците, во воспитно-образовниот процес се вклучени стручните соработници педагог, психолог и дефектолог. Во административната служба вработени се секретар и благајник. Како технички персонал работно се ангажирани седум лица од кои еден е мајстор-парноложач, а останатите се хигиеничари.

Воспитно-образовниот процес во училиштето во учебната 2023/2024 година го извршуваат 54 наставници од кои 48 се со високо образование, 5 се магистри и 1 апсолвент. Од наставниот кадар 40 наставника се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 1 наставник е вработен на неопределено работно време со неполн фонд на часови и 13 наставника се вработени на определено работно време со полн фонд на часови. Еден наставник е несоодветн по предметот физика. Училиштето редовно распишува оглас и на истиот се нема пријавено соодветен наставник. Во училиштето има мал број наставници кои дополнуват часови во друго училиштете до полно работно веме и обратно. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализирање на воспитно образовниот процес.

Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи. Наставниот кадар поседува низа вештини, квалификации и искуство стекнато преку обуки, а најголем број од наставниците во наставата ги применуваат овие искуства.

Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

Во училиштето стручни соработници придонесуваат за успешна реализација на целокупниот воспитно-образовен процес. Стручните соработници им помагааат на наставниците во организирање на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблемите на индивидуално и групно ниво кои се појавуваат во работењето.Стручните соработници во своите програми за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците, родителите и вршат посета на часови на наставниците.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во Годишната програма за работа има предвидени активности за детектирање на потребите, активности за професионален развој на ниво на училиште и личен развој како и хоризонтално учење во рамки на училиштето.

Наставниците учествувале на семинари организирани од страна на Биро за развој на образованието како и проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски организации. Евиденција за учества на обуки и професионалните досиеа води педагогот и психологот.

Постои уредна евиденција за спроведените семинари и обуки во минатите пет учебни години. Вклучени се стручните служби и наставници, а се спроведува дисеминација по завршување на обуката.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските ограничувања. Училиштето има донесено Финансиски план, усвоен извештај, усвоена завршна сметка и План за јавни набавки со дел. бр.02-80/2 од 26.01.2023година.

Училиштето има формирано Комисија за јавни набавки. Во комисијата има член кој е истовремено и член на Училишен одбор. Јавните набавки ги вршат две овластени лица

од вработените во училиштето. За поголемите јавни набавки се ангажира овластено лице (кое е вработено во Водовод Кочани) со кој училиштето има склучено договро со физичко лице за реализација на јавните набавки и за нивните услуги се предвидени рамковни средства во планот за јавни набавки.

Училиштето врши набавки како електрична енергија, превоз на ученици, канцелариски материјали, средства за хигиена, информатичка опрема, други материјали, тековно држување на зградата и санации на подрум,скали,ходници и дворни површини.

Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од Училишниот одбор. Училиштето добива финансиски средства од буџетот на Република Македонија преку наменски дотации за плати и придонеси на вработените, патни расходи, комунални услуги, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување итн.

Училиштето остварува и сопствени приходи од уписнина и испити од вонредни ученици и провизија од кафе-мат апарат.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

ЗавршнитесметкисеразгледуваатнаседницитенаУчилишниотодборисепредлагаатнаусвојувањедоСоветотнаопштината.

## 7.Управувањеи раководење со училиштето

### 7.1.Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Сите членови на УО се со легитимен мандат, освен членот од Совет на општина Кочани, кој има поднесено оставка, а процедурата е во тек за именување на новиот член. Претседател на УО, согласно Законот за средно образование е од редот на наставниците.

Училишниот одбор е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието.

Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, донесен на ден 30.03.2007 година, заведен со арх.бр 01-72/1.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со арх. број 02-77/5 од 20.01.2022 година.

Решението за давање на согласност на Статутот на училиштето од МОН со арх.бр.Уп.1. 13-284од15.02.2022 година.

Состаноците на Училишниот одборсе добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат (но има членови кои не присуствуваат на состанок, конкретно членот од бизнис заедницата).Секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници (записничар е секретарот во училиштето) и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е многу добра.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.02-266/6 од 24.08.2023 година, со одлука од општината бр. 09-1741/1 од 27.09. 2023 година.

Вршител на должност директорот на училиштето е именуван со Решение на Градоначалникот на Кочани, со арх.бр. 08-1624/6 од 31.08.2022 година, со арх.бр. 08-537/2 од 28.02.2023година, со арх.бр. 08-537/4 од 25.08.2023 година со мандат од шестт месеци.Градоначалникот на општина Кочани има донесено Одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор на СОУ„ Љпчо Сантов“- Кочани со број 08-1783/1 од 04.10.2023 година..Во последните 10 години , во училиштето се именувани 5 директори.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Ја организира работата во училиштето и обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства. Директорот не ја следи наставата, за време на едно полугодие се посетуваат наставниците само доколку се јави некој проблем во училницата .

Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето, знае да ја промовира добрата практика што постои во училиштето, но нее доволно критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес. Во неговиот мандат нема изречено писмени опомени за наставници, за недолично однесување, немање дневен оперативен план за час и тематско планирање и др.

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето, Еко програма, Програма за меѓуетничка интеграција, Тим за инклузија на училиште и на ученик, и др.

Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати. Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години.

Во периодот од последната интегрална евалуација до денес направена е реконструкција на целото поткровје, со нова фитнес спортската сала, кабинет по ликовна уметност, просторија за архива, сала за состаноци, заштитна инокс ограда на внатрешните скали во училиштето, инсталирани 40 KW часови- фотоволтаични панели, набавени 2- електронски табли, промена на санитарните јазли и реконструкција на фудбалското игралиште во дворот на училиштето.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, што е во согласност со одредбите на Законот за средно`образование.

Резултатите од Самоевалуацијата се имплементираат во Програмата за развој на училиштето, сите цели се опфатени, а активностите и конкретните цели се поставени во конкретна рамка на време на реализација со единствена препорака, трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации.

Советот на родители е конституиран согласно закон и Статутот на средното училиште. Советот на родители имаат изготвена Годишна програма за работа и деловник за работа со број 03-444/3 од 19.10.2020 година. Изграден е партнерски однос со директорот и според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно-образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма, како и за управување со финансиите во училиштето.

Советот на родители бил функционален и за време на on-llineнаставата. Уредно ги свикуваат состаноците и сите членови се со легитимни мандати. На состанокот родителите истакнаа проблем со Правилникот за организација на екскурзиите, поточно датумите кога истите се изведуваат, најниската понуда не соодвествува со реализацијата кој тие ја сакаат за своите деца, иако директно се поврзани со со целиот процес...

Директорот обезбедува финансиските средства, и секогаш наменски и транспарентно ги троши. Покрај средствата од Министерство за образование и наука, училиштето

обезбедува и дополнителни средства од апаратите за кафе и безалкохолни пијалоци, упис на вонредни ученици- дипломи , свидетелства....

Училиштето обезбедува дополнителни средства од проекти со локалната самоуправа, донации од бизнис секторот.

Директорот учествува во работата на наставнички совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина како и со деловната заедница.

### 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Органите и телата во училиштето, како и наставниците, се вклучени во разните тимови и во креирањето на училишната образовна политика.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини). Родителите на учениците, кои постигаат послаби резултати, покажуваат помал интерес за вклучување во животот и работата на училиштето, и со истите се вршат едукации.

Проекти од Министерство за образование и наука кои се реализираат во училиштето се:меѓуетничка интеграција на младите во образованието, интеграција на еколошкото образование во образовниот систем, дуалното образование, како и обуките и семинарите на наставниците организирани од Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието и Центар за средно стручно обарзование..

Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цел.

Училиштето има изработено Самоевалуација со дел.бр. 02-266/4 од 24.08.2023 година во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со дел.бр. 01-346/1 од 13.08.2020 година.

Програмата и целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите, но со временски рок од 4 години, а не конкретно по години за континуирано извршување.

Во Програмата за развој на училиштето, тежиштето на реализацијата на зацртаните развојни политики не е подеднакво застапено по години.

Во неа се разработувааат седум развојни цели за предвидените подрачја на промени, со временска рамка за секоја учебна година во периодот од 2020 до 2024 година. Во програма се опфатени сите фази од концептот на развојно планирање.Анализите за состојбите и планирањата се изведени според концептот на интегралната евалуација односно се анализирани седумте подрачја за работа на училиштето.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот. Има систем за обезбедување на финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени ( со мали исклучоци). Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува.

Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. За оваа година во планот за јавни набавки бр. 02-80/2 од 26.01.2023 година, во кој се планирани финансиски средства за: превоз на ученици, набавка на масло, набавка на информатичка и друга опрема, набавка на училишна и канцелариска опрема, реконструкција на дворна површина- тениско игралиште. Набавките се реализираат во согласно законот за јавни набавки.

Тендерската постапка во училиштето ја спроведуваат две лиценцирани лица од училиштето ( 11-4/250 од 10. 05 2021 година, 11-4/263 од 10.05. 2021 година ), со помош

на надворешно лице за јавни набавки Силвана Благонова вработена во КЈП- водовод Кочани. Број на Потврда за положен испит за лице за јавна набавка 11-4/177 од 08.10.2020 година.

Училиштето има програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници која составен дел на Годишната програма за работа на училиштето со број 01-312/1 од 31.10.2023 година.

Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (училници, наставни помагала), за сите ученици, без оглед на националната припадност.

Училиштето според потребите и можностите интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата.

## Наоди и препораки

### Јаки страни

- Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина за учење;
- Континуитет во подобрување на просторните услови за работа, како и опременоста со нагледни наставни средства по кабинети и ИКТ опрема;
- Училиштето негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите;
- Училиштето низ организирани форми поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците, вработените и локалната заедница, и им овозможува на учениците да иницираат активности и преземаат одговорност во и надвор од наставата;
- Зголемен број на работодавачи и институции со кои училиштето развива партнерски однос и каде се реализира практичната настава, учење преку работа кај работодавач и феријалната практика;
- Училиштето води грижазаучениците сопосебни образовни потреби;
- Училиштето по трет пат е наградено со Европска ознака за eTwinning училиште - лидер во меѓународна соработка и иновации во образованието;
- Вклученост во голем број воннаставни активности и работа на проекти;
- Активна улога на младинската организација „Единство“;
- Училиштето остварува добра соработка со локалната самоуправа, деловната заедница и јавните претпријатија од општината;
- Училишната клима и односите помеѓу најголем број од учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри.

### Слаби страни

- Реализацијата на дополнителна настава делумно задоволува;
- Одделенските раководители не водат уредна документација од реализацијата на Програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови;

- Училиштето не обезбедува увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците во околните продавници;
- Нефункционални хидрантни апарати.

**Препораки**

- Да се подобри реализацијата на дополнителна настава;
- Одделенските раководители во наставничките портфолија да обезбедуваат документација од реализацијата на содржините од Програмата „Образование за животни вештини“;
- Училиштето да обезбедува увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците во околните продавници;
- Хидрантните апарати да се стават во функција.

| | |
|---|---|
| Татјана Симоновска Алексова, раководител на инспекцискиот тим | |
| Елена Павлова, инспектор | |
| Зоран Горгиев, инспектор | |